exp. 26.04.2021

СПИ.ф.В/2021

( Образец ПП……)

**До: Основен суд Прилеп - Кривично одделение бул.Гоце Делчев„ б.б.**
**(имател на информацијата)**

## Б А Р А Њ Е

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

[redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
Потребно ни е да ни се доставаат сите правосилни пресуди согласно член 319 од КЗ - Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска основа кои се донесени во рамките на судот во период од 2010 година до 2021 година. ,

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- **б) препис**
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ____________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 07.04.2021 година .** ____________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

[redacted]

ОСНОВНИОТ СУД ВО ПРИЛЕП, од судијата Ордан Митревски, со записничарот Олга Зојческа - Алексоска, постапувајќи по обвинителниот предлог Ко.бр.598/18 и Ко.бр.823/18 од 07.03.2019 година на ОЈО-Прилеп, поднесен против [redacted] за кривичното дело „Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална , расна, верска и друга дискриминаторска омраза “ од чл.319 ст.1 од Кривичниот Законик , на ден 22.03.2019 година го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

ОСНОВНИОТ СУД ОД ПРИЛЕП СЕ ОГЛАСУВА ЗА МЕСНО НЕНАДЛЕЖЕН за постапување по предметот К.бр.128/19 оформен по обвинителниот предлог на ОЈО Прилеп Ко.бр.598/18 и Ко.бр.823/18 од 07.03.2019 година поднесен против [redacted] за кривичното дело „Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска омраза“ од чл.319 ст.1 од Кривичниот Законик, согласно чл.30 ст.1 од Законот за кривична постапка.

По правосиноста на ова решение списте на предметот К.бр.128/19 да бидат отстапени на Основниот суд во Крушево како месно надлежен суд за постпување по истиот.

## О б р а з л о ж е н и е

ОЈО Прилеп до овој суд поднесе обвинителен предлог Ко.бр.598/18 и Ко.бр.823/18 од 07.03.2019 година против обвинетите [redacted] за кривичното дело „Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска омраза “ од чл.319 ст.1 од Кривичниот Законик по кој во судот заведен е предметот К.бр.128/19.

Постапувајќи по поднесениот обвинителен предлог судот утврди дека дејствието што им се става на товар на обвинетите било извршено во Крушево поради што согласно чл.26 ст.1 од ЗКП месно надлежен за постапување по предметот е Основниот суд во Крушево.

Согласно чл.26 ст.1 од ЗКП месно надлежен по правило е судот на чие подрачје е извршено или обидено кривичното дело.

Предвид на наведеното а согласно чл.30 ст.1 в.в.со чл.26 ст.1 од ЗКП судот одлучи како во изреката на решението, се огласи за месно ненадлежен суд за постапување по предметот К.бр.128/19 оформен по обвинителниот предлог на ОЈО Прилеп Ко.бр.598/18 и Ко.бр.823/18 од 07.03.2019 година поднесен против обвинетите [redacted] за кривичното дело „Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост врз национална, расна, верска и друга дискриминаторска омраза“ од чл.319 ст.1 од

К-128/19

Кривичниот Законик согласно чл.26 ст.1 од Законот за кривична постапка, како и одлучи по правосиноста на ова решение списите на предметот К.бр.128/19 да бидат отстапени на Основниот суд во Крушево како месно надлежен суд за постапување по истиот.

ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП.

Записничар С у д и ј а,

Олга Зојческа – Алексоска Ордан Митревски

ПРАВНА ПОУКА: Рок за жалба 3 дена по приемот на решението преку овој суд до Апелациониот суд Битола.

В.Г.

За

info@osprilep.mk Одјава

roundcube

Е-пошта Контакти Нагодувања

Назад Пиши ново ... Врати Одговори Препра Избриши Премести Испечати Означи Повеќе

Примени
Непратени
**Пратени**
Ѓубре
Корпа

## ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП

Писмо 1 од 1412

Од **info@osprilep.mk**
Примач [redacted]
Датум **26.04.2021 14:56**

Почитувани,
Согласно Ваше барање на информација од јавен карактер, во прилог Ви доставуваме правосилно решение по однос на кривичното дело од чл.319 од КЗ.

Со почит,
ОСНОВЕН СУД ПРИЛЕП

**К 128 - 19.pdf (~538 КБ)**